РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

ОДБОРОТ ЗА НАЦИОНАЛНА РАМКА НА КВАЛИФИКАЦИИ

НАЦИОНАЛНА РАМКА НА КВАЛИФИКАЦИИ

Бр. 2112/50

26.09.2019 год.

СКОПЈЕ

Врз основа на член 16 став 9 алинеја 3 од Законот за Националната рамка на квалификации („Службен весник на Република Македонија“ бр. 137/13 и 30/16), Одборот за Националната рамка на квалификации, на седницата одржана на 05.03.2019 година ја донесе следната

# О Д Л У К А

1. Квалификацијата **Прехранбен техничар** се распоредува на ниво IV, во Националната рамка на квалификации.

2. Ознаката на квалификацијата од точка 1 на оваа одлука во Регистарот на квалификации е 00050.

3. Оваа одлука стапува на сила со денот на нејзиното донесување.

## О б р а з л о ж е н и е

Одборот за Национална рамка на квалификации на седницата одржана на 05.03.2019 година ја разгледа и расправаше по квалификацијата **Прехранбен техничар** со обем од 240 ЕЦВЕТ, поднесена од страна на Министерството за образование и наука со барање бр. 12- 11698/2 од 27.11.2018 година година и утврди дека има предлог и позитивно мислење бр. 2610-3/6 од 19.11.2018 година од Секторската комисија за Хемија и технологија, изготвена е во согласност со Методологијата за развој на стандарди на квалификации бр. 2608 од 06.02.2017 година, како и дека е споредлива е со таквите квалификации и дека ги исполнува барањата за ниво IV, согласно Законот за Националната рамка на квалификации.

Имајќи го предвид горенаведеното Одборот за Национална рамка на квалификации одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА
ОДБОРОТ ЗА НАЦИОНАЛНА РАМКА НА
КВАЛИФИКАЦИИ
Борчо Алексов

Доставено до:

- Одделение за Национална рамка на квалификации

изготвил: Ивона Билинска
контролирал: Кети Костовска